# Начинот на капење од џенабет (состојба по интимен однос и ејакулација за обата пола)

Од Мејмуна, мајката на верниците, Аллах нека е задоволен со неа, пренесено е дека кажала: „Му подготвив вода за капење на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и ја покрив со крпа. Тој ги изми рацете, па со десната рака истури вода на левата и го изми интимниот дел. Потоа со раката удри по земјата, ја протри и повторно ја изми. Потоа ја исплакна устата, го исплакна носот, го изми лицето и рацете до лактите. Потоа истури вода врз главата и го обли целото тело. На крајот, се оддалечи малку, ги изми нозете, а кога му подадов крпа, тој не ја прифати и си замина протресувајќи ги рацете.“

[صحيح] [متفق عليه]

Мејмуна, Аллах нека е задоволен со неа, раскажала за начинот на бањање на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, после џенабет. Таа му подготвила вода за капење и ја покрила со крпа, додека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, постапил на следниов начин: Прво: Истурил вода врз рацете и ги измил пред да ги стави во садот со вода. Второ: Со десната рака истурил вода врз левата и го измил интимниот дел, чистејќи го од остатоците на џенабетот. Трето: Со раката удрил по земјата, ја протрил и ја измил за да го отстрани непријатното од неа. Четврто: Устата ја исплакнал така што внел вода, ја размрдал во устата, а потоа ја исплукал. Потоа го испрал носот така што вовлекол вода во него, па ја исфрлил за да го исчисти. Петто: Го измил лицето и рацете до лактите. Шесто: Истурил вода врз главата. Седмо: Истурил вода врз остатокот од телото. Осмо: Се преместил од местото каде што се бањал и ги измил нозете на друго место, бидејќи претходно не биле измиени. Потоа му подала крпа за да се избрише, но тој одбил и со рацете ја отстранувал водата од телото, па потоа ги тресел.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3310